<u>Образец бр. 2</u>

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

**Со сегашната законска поставеност на прекршочните одредби во Главата XIII (член 109) од постоечкиот Закон за средното обраование, не е извршено рангирање на прекршоците на три нивоа со оглед на нивната тежина и штетните последици кои можат да настанат со нивното сторување, а посебно доколку истите се предизвикани со умисла и се со цел неосновано прибавување или стекнување на поголема противправа имотана корист за сторителот. Исто така, глобите се изречени само во единствен утврден износ и не се остава можност за прекршоците од вториот и третиот ранг да се изрекува глоба во распон на висината на казните (односно 1:2). Затоа постои потреба од законски уредена материја чија што основна цел е да се направи класификација и унифицираност на прекршоците и истовремено изрекување на глоба и за правното лице и за одоговорното лице во правното лице (средно училиште, директор) за ист вид на прекршок.**

**Исто така, не е воведен и системот на интегрирана база на податоци и интерактивната настава, која го подигнува нивото на квалитет во средното образование. Постојниот Закон не нуди задолжително користење на информатичката опрема, која е инкорпорирарна со Предлогот како составен дел на Проектот „Компјутер за секое дете“.**

**Во делот на оспособувањето на кандидатите и полагањето на испитот по успешно завршената обука, постои целосна усогласеност со Законот за Државниот испитен центар.**

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

**Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за средното образование е да се унифицира системот на прекршочните одредби во Глава XIII (член 109) кои се регулирани во Законот за средното образование и нивно усогласување со Законот за прекршоците. Истовремено се нуди усогласеност и со Законот за Државниот испитен центар.**

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

**Предложената измена ги содржи следните решенија:**

**Со предложената измена, во делот на регулирањето на прекршочните одредби се остава можност за класифицирање односно рангирање на**

**прекршоците на три нивоа. Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнувањена Законот за средното образование се заснова на следните начела:**

**- подигање на нивото на квалитет во остварувањето на средното образование преку воведувањето на унифициран систем на прекршоци;**

**- усогласување на прекршочните одредби од Глава XIII од Законот за средното образование со одредбите од Законот за прекршоците;**

**- класификација и категоризација на прекршоците и изречените глоби преку нивно рангирање според видот и тежината;**

**Предложената измена ги содржи следните решенија:**

**- да се постигне класификација и категоризација на прекршоците на неколку нивоа, кои би ги рангирале прекршоците на:**

**- прекршоци од полесен карактер (прв ранг) и за овој вид на прекршоци е предвидена олеснителна можност за субјекот на надзорот, со имплементирање на постапката за едукацуја.**

**-прекршоци од среден карактер (втор ранг) и за овој вид на прекршоци е предвидено поведување на прекршочна постапка веднаш по нивното констатирање од страна на надлежниот инспекциски орган и изрекување на глоба во единствен утврден износ и глоба во распон од 1:2. Глобата се изрекува за субјектите на надзорот вклучително на средното училиште, директорот, наставникот и родителот.**

**- прекршоци од потежок карактер (трет ранг), кај кои е предвидено покрај главната казна со изрекување на глоба задолжително да се изрече и прекршочна санкција со привремна забрана за вршење на дејност.**

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Неможе да се изврши прецизна идентификација на трошоците од причини што не постои можност да се идентифицира бројот на прекршоци кои ќе бидат сторени, бројот на изречените глоби за сторените прекршоци, висината на изречените глоби, бројот на извршените едукации, како и придобивките кои ќе произлезат од успешно спроведената едукација.**

**Ќе се влијае на подигнувањето на нивото на квалитетно изведување на наставата и поттикнување на свеста за значењето на средното образование.**

**Предложено решение (опција):**

**Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование**

Опис:

**Со членот 1 од Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование се предвидува дека Министерството за образование и наука води интегрирана база на податоци во која средните училишта ќе внесуваат податоци за бројот на учениците, наставниот и друг кадар во средните училишта, објектите во кои се организира воспитно-образовната работа, како и други релевантни податоци. Со членот 2 се предвидува во наставните програми да се определи задолжителното користење на информатичката опрема како дел од Проектот**

„Компјутер за секој ученик“ во реализацијата на наставата, се со цел да се подигне квалитетот на воспитно-образовната дејност во средните училишта.

Со членот 3 е предвидено во средното училиште наставникот да ја реализира наставата интерактивно со активно вклучување на учениците во процесот на воспитно-образовната работа. За ова Министерот, на предлог на Бирото, ќе пропише акт за начинот за реализација на интерактивната настава. Со членот 4 во делот на воведувањето на оспособување на кандидати за полагање на испит за директори на јавните средни училишта основната цел е усогласеност со Законот за Државниот испитен центар.

Со членот 5, за определена категорија на прекршоци (полесен вид) е предвидена глоба и за физичките лица односно наставникот и родителот, при што кај овие субјекти на надзорот се предлага олеснителна можност, врз основа на која надлежниот инспектор пред да ја изрече глобата спроведува постапка за едукација на субјектот и се задолжува сторителот во определен рок да ги отстрани констатираните неправилности, со одредени насоки и укажувања. Доколку по истекот на тој рок, субјектот не постапи по задолжението, инспекторот ќе му изрече глоба. Во членовите 6 и 7 е регулирана прекршочната одговорност на правното лице, одговорното лице на правното лице и физичките лица како субјекти на надзорот. При тоа, постои класификација и категоризација на прекршочната одговорност според тежината на сторениот прекршок за секој субјект поодделно, па во зависност од тоа се изрекуваат и различни износи на глоба кои се рангирани почнувајќи од лесните облици (прв ранг) за кои е предвидена пониска глоба во утврден единствен износ, која истовремено се изрекува и на правното лице кое е субјкет на надзорот (средното училиште) и на одговорното лице во правното лице (директорот). Во оваа категорија на прекршоци е предвидена глоба и за физичките лица односно наставникот и родителот, при што кај овие субјекти на надзорот се предлага олеснителна можност, која е регулирана во член 5 на овој Предлог закон, според кој надлежниот инспектор пред да ја изрече глобата спроведува постапка за едукација на субјектот и се задолжува сторителот во определен рок да ги отстрани констатираните неправилности, со одредени насоки и укажувања. Доколку по истекот на тој рок, субјектот не постапи по задолжението, инспекторот ќе му изрече глоба. Потоа доаѓаат средните облици на прекршоци (втор ранг) за кои се предвидени повисоки глоби во утврден единствен износ и во распон на висината на казните помеѓу 50% и 100 % (1:2) кои исто така се изрекуваат за правното лице, одговорното лице во правното лице и физичкото лице. На крај се предвидени потешките облици на прекршоци (трет ранг) за кои следува изрекување на глоба, покрај која може да се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност.

Со членот 8 е предвидено бришење на член 110 од Законот за средното образование, од причина што изрекувањето на глоби за правното лице, одговорното лице во правното лице и физичкото лице, кое ќе отпочне со работа спротивно на одредбите од членовите 12 и 13 на овој закон, е веќе инкорпорирано во членот 7 од Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  **НЕ**
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  **НЕ**
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  **НЕ**
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  **НЕ**

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  **НЕ**

2. **Придобивки**

**Подигање на нивото на квалитет во изведувањето на наставата, воведување на задолжително користење на информатичката опрема и следење на интерактивна настава.**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

**НЕМА**

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

**Унифицираност и категоризација на прекршочните одредби (Глава XIII) од постојниот закон, во согласност со Законот за прекршоците, подобрување на квалитетот на наставата и усогласување со Законот за Државниот испитен центар.**

3. **Ризици и претпоставки**

**Со овој предлог е предвидено едукацијата да ја вршат државните просветни инспектори и овластените инспектори на општината/град Скопје, кои досега немале вакви овластувања и задолженија, па од тие причини потребно е истите да се обучат во овој дел заради успешно спроведување на едукацијата, која за прв пат се воведува со овој предлог.**

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**
**Текстот е усогласен со Секретаријатот за законодавство. Побарано е мислење од Државниот просветен инспекторат.**

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

**Основна цел на предложеното изменување и дополнување на Законот за средното образование е да се нормира заокружен и интегрален систем со**

**механизми за добивање на резултати за унифицираност и категоризација на прекршочните одредби регулирани во Глава XIII, во согласност со Законот за прекршоците, подобрување на квалитетот на наставата со воведување на интегрирана база на податоци и интерактивна настава.**

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- Стојанчо Стојковски – раководител на Сектор за нормативно-правни работи;
- Босилка Галева – претставник од Министертсво за образование и наука;
- Мустафа Муслиу – претставник од Министерството за образование и наука;
- Ангелчо Трајановски – претставник од Министерството за образование и наука;
- Милка Масникоса – претставник од Министерството за образование и наука.

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Елизабета Тодоровска – Државен Секретар на Министерството за образование и наука;
- Стојанчо Стојковски – раководител на Сектор за нормативно-правни работи.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или |

| | | |
|---|---|---|
| | | задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *Никола Тодоров,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:................................ Датум:26.05.2010 година